20100080135

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на ден 04.12.2009 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ТРЕТМАНИ ВО ХИПЕРБАРНА КОМОРА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени за здравствените услуги - третмани во хипербарна комора, како услуги во специјалистичко консултативната здравствена заштита кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија за здравствените услуги - третмани во хипербарна комора плаќа на здравствените установи за следните услуги и по следните цени:

Шифра	ВИД НА УСЛУГА	РЕФЕРЕНТНА ЦЕНА
ХБ01	Третман во хипербарна комора со преврска до 70 минути	5.800
ХБ02	Третман во хипербарна комора без преврска до 70 минути	4.800
ХБ03	Третман во хипербарна комора со инфективни заболувања до 70 минути	7.750

Референтните цени од став 1 на овој член се утврдени според Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната и болничката здравствена заштита (Број 02-23012/4 од 14.11.2008 година) и ги опфаќаат трошоците за услугата на здравствените работници кои ја извршуваат услугата, трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и другите потребни материјали за извршување на услугата.

Референтните цени утврдени во став 1 на овој член се максимални цени кои Фондот ќе ги плаќа за соодветните услуги.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02- 23551/ 4
4 декември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Беким Сали, с.р.